Ё. 11. 2. 75
2693 Централна правосулна книжница
Врховног содишча СР Словеније
61000 ЉУБЉАНА
ул. "Товчарјева" бр.9

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ" излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Среда, 5 февруари 1975
Скопје
Број 2 Год. XXXI

Претплатата за 1975 година изнесува 300 динари. Овој број чини 3 дин. Жиро сметка 40100-601-128

**14.**

Врз основа на член 55, 56, 57 и 58 од Привремениот деловник за работа на Претседателството на СРМ, Претседателството на СРМ, на седницата одржана на 21 јануари 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ДЕЛОКРУГОТ, СОСТАВОТ И ЗА ИЗБОРОТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА ОРГАНИЗАЦИОНО-КАДРОВСКАТА КОМИСИЈА НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СРМ

I

Организационо-кадровската комисија на Претседателството на СРМ ги врши работите во врска со подготвувањето на предлозите за избори и именувања што ги поднесува односно ги разгледува Претседателството на СРМ, разгледува општи прашања на кадровската политика и за тоа на Претседателството му поднесува мислење и предлози, ги врши работите во врска со именувањето и поставувањето на функционери во Претседателството, подготвува предлози на акти што ги донесува Претседателството во врска со организацијата на работата и за надоместоците на личните доходи и другите примања на членовите на Претседателството, членовите на Советот на Републиката и функционерите во Претседателството, донесува одлуки на основа на овие акти и врши други работи што ќе ги определи Претседателството на СРМ.

II

Организационо-кадровската комисија на Претседателството на СРМ има претседател и три члена.

Претседателот и 1 член на Комисијата се избираат од редот на членовите на Претседателството. Другите два члена се секретарот на Претседателството на СРМ и секретарот на Советот на Републиката.

III

За претседател и членови на Организационо-кадровската комисија се избираат:

1. За претседател Хиџет Рамадани, член на Претседателството.

2. За членови:

— Наџи Салих, член на Претседателството,

— Каменчо Ѓорѓов, секретар на Претседателството,

— Мице Димески, секретар на Советот на Републиката.

IV

Со влегувањето во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за делокругот, составот и за избор на претседател и членови на Административната комисија на Претседателството на СРМ, објавена во „Службен весник на СРМ" бр. 28/74.

V

Оваа одлука влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Број 06-43
24 јануари 1975 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Видое Смилевски,** с. р.

**15.**

Врз основа на член 57 од Привремениот деловник за работа на Претседателството на СРМ, Претседателството на СРМ, на седницата одржана на 21 јануари 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ОБРАЗУВАЊЕ НА КОМИСИЈА ЗА ПРЕТСТАВКИ И ПОПЛАКИ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СРМ

I

Со оваа одлука се образува Комисија за претставки и поплаки на Претседателството на СРМ, се утврдува нејзиниот делокруг и се врши избор на претседателот и членовите на Комисијата.

II

Се образува Комисија за претставки и поплаки како постојано работно тело на Претседателството на СРМ.

III

Комисијата за претставки и поплаки ќе ги проучува и разгледува претставките и поплаките упатени до Претседателството на СРМ и за своите ставови и превземени мерки ќе ги известува нивните подносители.

IV

Заради испитување на одделни претставки и поплаки Комисијата може да бара податоци и информации непосредно од соодветните органи и организации или преку Бирото за претставки и поплаки на Извршниот совет на Собранието на СРМ.

V

Комисијата за претставки и поплаки повремено го известува Претседателството за бројот и содржината на примените претставки и поплаки, а може да му предложи на Претседателството на СРМ да разгледа одделни прашања и проблеми на кои укажуваат претставките и поплаките и се во рамките на уставните права и должности на Претседателството на СРМ.

VI

Комисијата за претставки и поплаки има претседател и шест члена.

За претседател и членови на Комисијата за претставки и поплаки се избираат:

1. За претседател Боро Ефремов — член на Советот на Републиката,

2. За членови:

— Арсена Деспотовска — член на Советот на Републиката,

— Ратка Крстевска — член на Советот на Републиката,

— Круме Наумовски — член на Советот на Републиката,

— Балаш Рамазан — член на Советот на Републиката,

— Мито Теменугов — член на Советот на Републиката,

— Ванчо Фончев — член на Советот на Републиката.

VII

Оваа одлука влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Број 06-40
24 јануари 1975 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Видое Смилевски,** с. р.

**16.**

Врз основа на член 59 од Привремениот деловник за работа на Претседателството на СРМ, Претседателството на СРМ, на седницата одржана на 21 јануари 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ОДЛУКАТА ЗА ДЕЛОКРУГОТ, СОСТАВОТ И ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ПОМИЛУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СРМ

I

Во Одлуката за делокругот, составот и за избор на претседател и членови на Комисијата за помилување на Претседателството на СРМ („Службен весник на СРМ" бр. 28/74), се вршат следните измени и дополнувања:

Во делот II ставот 1 се менува и гласи:

„Комисијата за помилување на Претседателството на СРМ има претседател и 6 члена".

Во делот II се додава трет став кој гласи:

„За членови на Комисијата можат да бидат избрани и истакнати општествени и политички работници".

II

Точка III од Одлуката се менува така што точка 2) „за членови" се дополнува:

„— Благоја Левков, член на Советот на Републиката,

— Аризан Несторовски, член на Советот на Републиката".

III

Оваа одлука влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Број 06-41
24 јануари 1975 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Видое Смилевски,** с. р.

**17.**

Врз основа на член 60 од Привремениот деловник за работа на Претседателството на СРМ, Претседателството на СРМ, на седницата одржана на 21 јануари 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ОДЛУКАТА ЗА ДЕЛОКРУГОТ, СОСТАВОТ И ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ОДЛИКУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТВОТО НА СРМ

I

Во Одлуката за делокругот, составот и за избор на претседател и членови на Комисијата за одликување на Претседателството на СРМ („Службен весник на СРМ" бр. 28/74), се вршат следните измени и дополнувања:

Во делот II ставот 1 се менува и гласи: „Комисијата за одликување на Претседателството на СРМ има претседател и 10 члена."

Во делот II се додава трет став кој гласи:

„За членови на Комисијата можат да бидат избрани и истакнати општествени и политички работници".

II

Во точка III под „2) за членови" на крајот се додава:

„— Стојан Пановски, член на Советот на Републиката,

— Фана Тозија, член на Советот на Републиката".

III

Оваа одлука влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Број 06-42
24 јануари 1975 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Видое Смилевски,** с. р.

**18.**

Врз основа на точка 3 став 3 од Наредбата за начинот и постапката за остварување премија според Одлуката за определување премија за кравјо и овчо млеко во 1974 година („Службен весник на СРМ" бр. 31/74), републичкиот секретар за земјоделство и шумарство донесува

## НАРЕДБА
### ЗА НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА НАМЕНЕТИ ЗА ПОКРИВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА КОНТРОЛА НА ПРОИЗВОДНИТЕ СПОСОБНОСТИ, ВОДЕЊЕ МАТИЧНО КНИГОВОДСТВО И ВРШЕЊЕ СЕЛЕКЦИЈА КАЈ КРАВИТЕ И ОВЦИТЕ КАЈ ИНДИВИДУАЛНИТЕ ПРОИЗВОДИТЕЛИ

1. Организациите на здружениот труд што го договориле производството на кравјо и овчо млеко во кооперација со индивидуалните производители (корисниците) ги користат средствата за покривање на трошоците за водење матично книговодство и вршење селекција (средствата) од точка 3 став 1 алинеја прва од Наредбата за начинот и постапката за остварување премија според Одлуката за определување премија за кравјо и овчо млеко во 1974 година („Службен весник на СРМ" бр. 31/74), до колку кај своите коопeранти организирале контрола на производните способности на кравите и овците, водат матично книговодство и вршат селекција според стручното упатство на Здружениот ветеринарен и сточарски институт — ООЗТ Институт за сточарство и репродукција.

2. До колку корисниците не се во состојба да обезбедат контролни асистенти и зоотехничари, вршењето на контролата, матичното книговодство и селекцијата можат да го доверат на други соодветни стручни служби.

Вршењето на работите од претходниот став се утврдува со договор помеѓу корисниците и стручната служба.

3. Средствата за покривање на трошоците од точката 1 на оваа наредба ќе се користат за следните намени:

1) за набавка на опрема и тоа:

— прибор за мерење на екстериерот и тежината на говедата и овците (вага, литинов стап, шестар, пантлика);

— прибор за обележување (тетовир клешти, клешти за ровашење, клешти за затворање на ушните маркици, ушни маркици);

— прибор за земање проби за испитување квалитетот на млекото и волната (шишиња, епрувети, лактодензиметар, ножици за стрижба);

— фотографски апарат.

2) За исплата на надомест на лични доходи на контролните асистенти и зоотехничарите.

4. Средствата корисниците ги остваруваат врз основа на:

— потврда од надлежниот општински орган на управата за земјоделство за организирана контрола на производните способности, матично книговодство и селекција на кравите и овците кај своите кооперанти;

— платен список на контролните асистенти и другите стручни лица што работат на контрола на производните способности, матично книговодство и селекција;

— фактура за набавка на опремата од точка 3. потточка 1) од оваа наредба, и

— документ за платена услуга на стручната служба за вршење контрола на производните способности, водење на матично книговодство и селекција.

5. Оваа наредба влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Број 08-2832/2
6 јануари 1975 година
Скопје

Републички секретар
за земјоделство и шумарство,
**д-р Јанко Лазаревски**, с. р.

---

**19.**

Уставниот суд на Македонија, оценувајќи ја законитоста на Одлуката за измена и дополнување на Правилникот за распределба на личните доходи на работниците во Здравствената станица во Виница, на седницата од 11 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА Одлуката за измена и дополнување на Правилникот за распределба на личните доходи на работниците во Здравствената станица во Виница, донесена од советот на здравствената станица на седницата одржана на 10 декември 1973 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во Здравствената станица во Виница на начин пропишан во статутот на здравствената станица за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, по повод на поднесена претставка, со решение У. бр. 7/74 од 2 октомври 1974 година поведе постапка за оценување законитоста на одлуката означена во точката 1 на оваа одлука.

4. Разгледувајќи ја оспорената одлука Судот утврди дека таа е донесена по влегувањето во сила на сојузниот Закон за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд („Службен лист на СФРЈ" бр. 22/73), дека е донесена од советот на здравствената станица и дека со неа е извршено зголемување на процентот на надоместокот за вршење на работа ноќе, за време на неделен одмор, на државни празници и за време на дежурства.

Со членот 4 од означениот закон е определено работниците во основната организација на здружениот труд со самоуправна спогодба да ги уредуваат, покрај другото, основите и мерилата за распределба на средствата за лични доходи и начинот за пресметување и исплата на личните доходи на работниците и на личните доходи за време поминато на работа ноќе или подолго од полното работно време. Од друга страна, според членот 76 од овој закон работниците во организациите на здружениот труд беа должни своите меѓусебни односи во здружениот труд да ги уредат во согласност со одредбите на овој закон од крајот на 1973 година. Од овие законски одредби произлегува дека работниците во организациите на здружениот труд по влегувањето во сила на означениот закон своите меѓусебни односи во здружениот труд можат да ги уредуваат само со самоуправна спогодба и дека работничкиот совет на организацијата на здружениот труд не е повеќе овластен да ги уредува овие односи.

Со оглед на тоа што прашањата уредени со оспорената одлука не се уредени со самоуправна спогодба на работниците во здравствената станица и што оспорената одлука е донесена од советот на здравствената станица Судот утврди дека таа е незаконита поради што одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

Оваа одлука, согласно членот 433 од Уставот на СР Македонија, Судот ја донесе на седница без претходно одржување на јавна расправа, затоа што оцени дека за разјаснување на предметот на спорот не е неопходно присуство на учесниците во постапката.

У. бр. 7/74
11 декември 1974 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
**д-р Асен Групче**, с. р.

---

# ОПШТЕСТВЕНИ ДОГОВОРИ И САМОУПРАВНИ СПОГОДБИ

**12.**

Врз основа на член 10 од Законот за општествено договарање и самоуправно спогодување за основите и мерилата за распределба на доходот и на личните доходи и за општествено насочување на распределбата на доходот („Службен весник на СРМ" број 24/71), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија, Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Републичката конференција на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија, Централниот комитет на Сојузот на комунистите на Македонија, Претседателството на Сојузот на синдикатите на Македонија, Републичкиот одбор на Сојузот на здруженијата на борците од Народноослободителната војна на Македонија, Републичката конференција на Сојузот на социјалистичката младина на Македонија и Стопанската комора на Македонија ,на 22 јануари 1975 година го склучија следниот

## ПОСЕБЕН ОПШТЕСТВЕН ДОГОВОР
### ЗА КРИТЕРИУМИТЕ И МЕРИЛАТА ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОКОТ НА ЛИЧЕН ДОХОД И НА ПРИМАЊАТА НА ДЕЛЕГАТИТЕ И ФУНКЦИОНЕРИТЕ ШТО ГИ ИЗБИРААТ ОДНОСНО ИМЕНУВААТ СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА , ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој посебен општествен договор се утврдуваат критериумите и мерилата за усогласување на надоместокот на личен доход, на примањата од средствата за заедничка потрошувачка и на примањата што ги товараат материјалните трошоци на

делегатите и функционерите, кои според своите општи акти, ги избираат односно именуваат: Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија, Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Републичката конференција на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија, Централниот комитет на Сојузот на комунистите на Македонија, Претседателството на Сојузот на синдикатите на Македонија, Републичкиот одбор на Сојузот на здруженијата на борците од Народноослободителната војна на Македонија, Републичката конференција на Сојузот на социјалистичката младина на Македонија и Стопанската комора на Македонија (во натамошниот текст: потписници на Договорот).

Член 2

Функцијата на делегат на Собранието на СРМ, на Стопанската комора на Македонија и членовите на раководствата на општествено-политичките организации се почесни општествени функции и по правило, се вршат без надоместок.

За одредени функции што бараат поголемо ангажирање во нивното вршење, а кои со свои општи акти ќе ги определат потписниците на овој договор, се определува надоместок на личен доход.

Член 3

Собранието на Социјалистичка Република Македонија може да определи одделни делегати надоместок на личен доход да остваруваат во Собранието, под услови што ќе ги утврди Собранието.

Член 4

Критериумите и мерилата утврдени со овој договор служат како основа за донесување на општи акти од потписниците на Договорот за утврдување на надоместокот на личен доход, на примањата од средствата за заедничка потрошувачка, како и на примањата што ги товарат материјалните трошоци.

Критериумите и мерилата утврдени со овој договор служат како основа за склучување на самоуправните спогодби на соодветните републички органи и организации што ќе се склучат во рамките на овој договор.

## II. КРИТЕРИУМИ И МЕРИЛА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОКОТ НА ЛИЧЕН ДОХОД

Член 5

Основни критериуми за утврдување на висината на надоместокот на личен доход на делегатите и на функционерите што ги избираат или именуваат потписниците на овој договор се:

— општествено-политичкото значење на функцијата и одговорноста, обемот и сложеноста на работите што се вршат,

— просечно остварениот личен доход на вработените во стопанството во Социјалистичка Република Македонија, и

— обемот и придонесот на минатиот труд.

Член 6

Надоместокот на личен доход, според критериумите од член 5 на овој договор, се утврдува кога просечниот личен доход по вработен во стопанството во Републиката во претходната година ќе се пресмета со следните коефициенти:

— за највисоките изборни функции до 5,

— за другите изборни функции до 4,5,

— за функционерите што се именуваат до 4.

Коефициентот од претходниот став не може да биде помал од 1,5.

Член 7

Со овој општ акт, потписниците на Договорот ќе ги утврдат категориите на функциите и ќе го определат надоместокот на личен доход според основните критериуми и мерила, од членовите 5 и 6 на овој договор.

Потписниците на Договорот, при донесувањето на актите од претходниот став, вршат усогласување на тие акти.

Член 8

Заедничката комисија од член 16 на овој договор ја разгледува положбата на движењето на доходот и на личните доходи и може да предлага измени на коефициентите.

Член 9

Заедничката комисија од член 16 на овој договор, следејќи ги движењата на личните доходи на вработените во стопанството во Републиката, кога ќе утврди дека овие движења се над предвидените со резолуцијата за тековната година, на потписниците на Договорот им предлага усогласување на надоместоците на личниот доход, водејќи сметка да не бидат нарушени утврдените соодноси.

Член 10

На функционерите чиј личен доход пред изборот односно именувањето на новата функција бил поголем од надоместокот на личниот доход што би се утврдил согласно со критериумите од членовите 5 и 6 на овој договор, по правило, им се утврдува надоместок на личен доход во износот што го имале на поранешната функција, односно работно место. Вака утврдениот личен доход мирува се додека не се создадат услови за примена на критериумите од членовите 5 и 6 на овој договор.

За функционер чиј надоместок на личен доход утврден според претходниот став битно ги нарушува односите на надоместокот на личниот доход во дадената категорија, по предлог на Заедничката комисија од член 16 на овој договор, потписниците на Договорот утврдуваат надоместок на личен доход врз основа на критериумите од членовите 5 и 6 на овој договор.

Мирувањето на надоместокот на личниот доход според став 1 од овој член, не се однесува на функционерите со над 35 години работен стаж за мажи, односно 30 години за жени.

Член 11

Надоместокот на личен доход утврден според основните критериуми и мерила на Договорот се зголемува по основ на минатиот труд до 15%.

Со своите општи акти потписниците на Договорот поблиску ќе го определат надоместокот од претходниот став.

Член 12

Лицето вработено во организација на здружен труд, а што е избрано односно именувано на одредена општествена функција која бара повисок степен на ангажираност, својот личен доход продолжува да го остварува во организацијата на здружениот труд, со тоа што во договор со организацијата на здружениот труд ѝ се рефундира износот до 90% од неговиот личен доход.

Член 13

На лицата избрани односно именувани на одредени функции, кои не се во постојан работен однос кај потписниците на Договорот, како и на лицата од член 12 на овој договор, може да им се исплатува посебен додаток за вршење на функцијата, но најмногу до 30% од износот на надоместокот на личниот доход утврден за функциите што се вршат.

Надоместокот на личниот доход според претходниот став не може да биде повисок од надоместокот на личниот доход утврден според одредбите на овој договор за соодветната функција.

## III. НАДОМЕСТОК ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ГОДИШЕН ОДМОР

Член 14

На делегатите и на функционерите што ги избираат и именуваат потписниците на овој договор може да им се определува надоместок за користење на годишен одмор во износ од 60% од просечниот личен доход во стопанството во претходната година.

## IV. ПРИМАЊА НА ТОВАР НА МАТЕРИЈАЛНИТЕ ТРОШОЦИ

Член 15

Примањата на делегатите и на функционерите што ги избираат и именуваат потписниците на овој договор, што се исплатуваат на товар на материјалните трошоци, можат да изнесуваат најмногу:

— дневниците за патување во земјата до висината на дневниците пропишани за делегатите и функционерите од страна на Собранието на Социјалистичка Република Македонија,

— дневниците за патување во странство до висината утврдена со прописите што важат за републичките органи на управата,

— надоместокот за користење на сопствено возило најмногу до износот на патните трошоци на кои имаат право според прописите за патни и дневни трошоци,

— надоместокот за одвоен живот од семејството во износ од 10 дневници месечно, во висина на дневниците за патување во Републиката,

— надоместокот на стварните трошоци за селидба од поранешното место на постојано живеење во Скопје и обратно,

— во случај на остварување право на пензија на делегатот односно функционер му припаѓа право на надоместок во висина на тримесечниот износ на надоместокот на личниот доход,

— во случај на смрт на делегат односно функционер, на лицето што го извршило погребот му припаѓа право на надоместок на трошоците за погребот во висина на двомесечен надоместок на личниот доход на умрениот.

Потписниците на овој договор со свој општ акт ќе ги утврдат поблиските мерила и услови за користење на средствата од претходниот став.

## V. НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 16

Следењето на спроведувањето на овој договор го врши Заедничката комисија избрана од потписниците на Договорот.

Член 17

Секој потписник на овој договор во Заедничката комисија избира по еден член и по еден заменик на членот.

Заедничката комисија од редот на своите членови избира претседател и негов заменик за време од две години.

Член 18

Заедничката комисија особено:

— дава толкување на одредбите на овој договор,

— дава мислење на актите што ги донесуваат потписниците на Договорот според одредбите на овој договор,

— утврдува и предлага измени на коефициентите и ги усогласува временските интервали согласно со членовите 8 и 9 од Договорот,

— на потписниците им предлага, за одделни случаи, примена на член 10 од овој договор,

— го следи спроведувањето на овој договор и за резултатите и проблемите ги известува потписниците,

— на потписниците им предлага преземање на соодветни мерки за доследно спроведување на Договорот,

— им предлага на потписниците, кога е тоа нужно, измени и дополнувања на овој договор.

Член 19

Административните и стручните работи на Заедничката комисија од член 16 на овој договор ги вршат службите на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

## VI. ПОСТАПКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 20

Постапка за изменување и дополнување на овој договор може да покрене секој од потписниците со образложено писмено барање што го доставува до Заедничката комисија од член 16 на овој договор. Заедно со барањето се поднесува и предначртот на измените и дополнувањата што се предлагаат.

Член 21

Заедничката комисија од член 16 на овој договор, по барањето од член 20 на овој договор, доколку најде дека е тоа основано, изготвува нацрт на измени и дополнувања на Договорот и го доставува на неговите потписници.

Ако Заедничката комисија најде дека барањето од член 20 на овој договор не е оправдано, за тоа го известува подносителот, а тој има право со свој предлог да се обрне непосредно до сите потписници на овој договор.

Член 22

Измените и дополнувањата на овој договор ќе се сметаат за донесени кога ќе ги усвојат сите негови потписници.

## VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 23

Критериумите и мерилата за утврдување на надоместокот на личен доход од овој договор ќе се применуваат од 1. I. 1975 година.

Член 24

Потписниците на овој договор, во рок од 45 дена од неговото влегување во сила, ќе ги усогласат со него своите општи акти и ќе ги достават на увид до Заедничката комисија од член 16 на овој договор.

Самоуправните спогодби од член 4 на овој договор ќе се донесат во рок од 60 дена.

Член 25

Со донесувањето на овој Посебен општествен договор, престанува да важи Посебниот општествен договор за критериумите и мерилата за усогласување на надоместокот на личен доход и на примањата на пратениците и функционерите што ги избираат или именуваат Собранието, општествено-политичките организации и Стопанската комора на Македонија, склучен на 8. XII. 1972 година („Службен весник на СРМ" број 44/72), и измените и дополнувањата на Посебниот општествен договор за критериумите и мерилата за усогласување на надоместокот на личен доход и на примањата на пратениците и функционерите што ги избираат или именуваат Собранието, општествено-политичките организации и Стопанската комора на Македонија од 25. XII. 1973 година („Службен весник на СРМ" број 47/73).

Член 26

Овој Посебен општествен договор се смета за донесен кога ќе го потпишат овластените претставници на сите потписници, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Број 11-138
22 јануари 1975 година
Скопје

ПОТПИСНИЦИ НА ДОГОВОРОТ:

За Собранието на СРМ:
**Бурхан Адеми,** с. р.

За Претседателството на СРМ:
**Каменчо Ѓоргов,** с. р.

За Извршниот совет на Собранието на СРМ:
**Вера Димитрова,** с. р.

За Републичката конференција на ССРНМ:
**Методија Зврцинов,** с. р.

За Централниот комитет на СКМ:
**Благоја Силјановски,** с. р.

За Претседателството на Сојузот на синдикатите на Македонија:
**Томе Николовски,** с. р.

За Републичкиот одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ:
**Славе Поповски,** с. р.

За Републичката конференција на ССММ:
**Сефер Мимидиновски,** с. р.

За Стопанската комора на Македонија:
**Живко Трајковски,** с. р.

# ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

## ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — КИЧЕВО

**13.**

Врз основа на член 20 и 23 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ“ бр. 21/71), член 80, 82 и 83 од Статутот на Заедницата на здравственото осигурување на работниците — Охрид и точка II став 2 од Одлуката за привремено утврдување на правата од здравствената заштита и другите права од здравственото осигурување, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кичево, на заедничката седница на сите собори на делегатите, одржана на 27 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УСЛОВИТЕ ПОД КОИ СЕ СМЕТА ДЕКА ОСИГУРЕНИКОТ ИЗДРЖУВА ЧЛЕНОВИ НА СЕМЕЈСТВОТО И ДЕКА ЧЛЕНОТ НА СЕМЕЈСТВОТО НЕМА СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ ДОВОЛНИ ЗА ИЗДРЖУВАЊЕ

Член 1

Со оваа одлука се определуваат условите под кои ќе се сметаат за издржувани лица членовите на семејствата и другите лица што се осигурени според Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението, како и условите под кои се смета дека издржуваното лице нема сопствени приходи доволни за издржување.

Член 2

Се смета дека осигуреникот ги издржува членовите на поширокото семејство ако тие живеат со него во заедничко домаќинство и немаат сопствени приходи доволни за издржување, осигуреникот ги издржува од своите приходи.

Член 3

Се смета дека издржуваните членови на семејството немаат сопствени приходи доволни за издржување ако нивниот катастарски приход од земјоделство не го надминува износот од 200 динари годишно или другите приходи не го надминуваат износот од 100 динари месечно, или ако катастарскиот приход и другите приходи месечно заедно не го надминуваат износот од 1.000 динари годишно по едно издржувано лице.

Член 4

Членот на семејството кој не живее во заедничко домаќинство со осигуреникот, ќе се смета за издржувано лице ако неговите сопствени приходи не ги надминуваат износите од претходниот член на оваа одлука и ако осигуреникот учествува во трошоците за неговото издржување со најмалку од 200 динари месечно.

Член 5

Лицата кои осигуреникот ги зел на издржување осигурени се, по правило, ако немаат родители. Деца кои имаат еден или двајца родители осигурени се како деца кои осигуреникот ги зел на издржување, ако родителите поради својата здравствена состојба и други околности не се способни или се спречени за стопанисување односно не се во состојба да се грижат за децата и за нивното издржување, а децата и родителите немаат сопствени приходи доволни за издржување. Сето ова под услов обата родители да не се способни за стопанисување или се спречени тоа да го сторат.

Се смета дека децата земени на издржување во смисла на претходниот став немаат сопствени приходи доволни за издржување ако нивните приходи, односно ако приходите на нивните родители по член на домаќинството, не ги надминуваат износите предвидени во член 3 од оваа одлука.

Член 6

Како приход во смисла на член 3 од оваа одлука не се сметаат приходите по основ на инвалиднина за телесно оштетување и додатокот за помош и нега што се обезбедуваат според прописите од инвалидското осигурување, како и други примања на издржуваното лице за кои според посебни прописи, со кои се установуваат одделните примања, изрично е утврдено дека не се земаат предвид при утврдувањето на имотната состојба на домаќинството.

Член 7

Износите од членот 3 и 4 од оваа одлука ќе важат додека со самоуправен договор на Републичката заедница на здравството и здравственото осигурување на Македонија овие износи не бидат поинаку определени.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 01-4046
27 декември 1974 година
Кичево

Претседател,
**Буде Трпески,** с. р.

**14.**

Врз основа на член 9 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74) и член 22 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Кичево, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кичево, на заедничката седница на сите собори на делегатите, одржана на 27 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СТРУЧНАТА СЛУЖБА НА ОПШТИНСКАТА ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА 1975 ГОД.

I

Се дава согласност на Програмата за работа на Стручната служба на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кичево за 1975 година.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 01-4048/1
27 декември 1974 година
Кичево

Претседател,
**Буде Трпески,** с. р.

**15.**

Врз основа на член 9 став 1 алинеја 6 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74) и член 22 став 1 точка 9 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Кичево, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кичево, на заедничката седница на Соборот на делегатите на корисниците на услугите — работници и Соборот на делегатите на давателите на услугите, одржана на 27 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ ЗА 1975 ГОДИНА

I

Стапката на придонесот за здравственото осигурување на работниците се утврдува во висина од 7% од бруто личниот доход во која се содржани:

— стапка на придонесот за обезбедување на задолжителните видови на здравствена заштита од 3%, и

— стапка на придонесот за обезбедување на правата од здравственото осигурување што самостојно ги утврдува Заедницата од 4%.

II

За обврзниците на придонесот за здравствено осигурување од член 24 точка 3, 5 и 7 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување, за кои според членот 25 став 1 алинеја 2, 4 и 6 од истиот закон, основицата е определена во нето лични примања, стапката на придонесот за здравствено осигурување се утврдува во висина од 9,75% од нето основицата, во која се содржани:

— стапка на придонесот за обезбедување на задолжителните видови на здравствена заштита од 4,40%, и

— стапка на придонесот за обезбедување на правата од здравственото осигурување што самостојно ги утврдува Заедницата од 5,35%.

III

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1. I. 1975 година.

Бр. 01-4049/1
27 декември 1974 година
Кичево

Претседател,
**Буде Трпески,** с. р.

**16.**

Врз основа на член 9 став 1 алинеја 6 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74) и член 22 став 1 точка 9 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Кичево, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кичево, на заедничката седница на Соборот на делегатите на корисниците на услуѓите — работници и Соборот на делегатите на давателите на услугите, одржана на 27 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ВИСИНАТА НА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА НЕСРЕЌА ПРИ РАБОТА И ЗАБОЛУВАЊЕ ОД ПРОФЕСИОНАЛНИ БОЛЕСТИ И ЗА УТВРДУВАЊЕ ОСНОВИЦИ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ТОЈ ПРИДОНЕС ВО 1975 ГОДИНА

I

Стапката на придонесот за здравствено осигурување во случај на несреќа при работа и заболување од професионални болести се утврдува во висина од 0,4% од определената основица.

II

Основица за пресметување на придонесот од претходната точка претставува:

1. За организациите на здружениот труд од областа на стопанството, како и основните организации на здружениот труд регистрирани како установи, кои со Номенклатурата за распоредување на стопанските и други организации и државните органи по дејности се распоредени во областите од 1 до 8 (член 6 од Законот за данокот на доход на организациите на здружениот труд, „Службен весник на СРМ“ бр. 47/73), остварениот доход намален за пресметаните законски и договорни обврски, освен данокот на доход.

2. За другите самоуправни организации и заедници, државните органи, општествено-политички организации и здруженија и други работни заедници што не се организирани како организации на здружен труд кои во своето работење не остваруваат доход, а кои се регистрирани во областите 9 и 0 од Номенклатурата за распоредување на стопанските и други организации и државните органи по дејности, бруто личниот доход на вработените.

III

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1. I. 1975 година.

Бр. 01-4050/1
27 декември 1974 година
Кичево

Претседател,
**Буде Трпески,** с. р.

**17.**

Врз основа на член 9 став 1 алинеја 6 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74) и член 22 став 1 точка 9 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Кичево, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кичево, на заедничката седница на сите собори на делегатите, одржана на 27 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА

## ЗА ПРИДОНЕСИТЕ НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ОДРЕДЕНИ КАТЕГОРИИ ЛИЦА ВОН РАБОТЕН ОДНОС

I

Со оваа одлука се утврдуваат придонесите на здравственото осигурување на одредени категории лица вон работен однос осигурени при Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кичево.

II

Обврзниците на придонесот од членот 24 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување плаќаат придонес за здравствено осигурување во постојан месечен износ и тоа:

1. За лицата на доброволна практика (волонтери) кои не примаат личен доход, ако работат со полно работно време (член 13 став 1 точка 6 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението) — 72,00 динари;

2. за учениците во стопанството односно учениците на училиштата за квалификувани работници за кои, покрај училишната, се изведува и практична настава во работната организација, училиштето или кај приватен работодавец (член 13 став 1 точка 7 од законот) — 30,00 динари;

3. за лицата кои учествуваат на младински работни акции кои, по прописите на инвалидското осигурување, се осигурени за сите случаи на инвалидност, лицата кои учествуваат во организирани работни акции ако на тие работи работат најмалку 6 часа дневно, лицата кои се наоѓаат на предвојничка обука — логорување и лицата припадници на територијалните единици и припадници на цивилната заштита за време на изведување на задачи на територијалната одбрана (член 17 став 1 точка 1 до 4 од законот) — 30,00 динари;

4. за уживателите на постојана државна помош доделена од страна на бившите президиуми на народните собранија или од страна на Извршниот совет (член 17 став 1 точка 5 од законот) — 60,00 динари.

Наплатените придонеси под 1, 2 и 3 од оваа точка се распределуваат:

— 40% за задолжителни видови на здравствена заштита;

— 10% за здравствена заштита предизвикана со несреќа на работа и заболување од професионални болести; и

— 50% за обезбедување на правата од здравственото осигурување што самостојно ги утврдува Заедницата.

Наплатениот придонес под 4 од оваа точка се распоредува:

— 40% за задолжителни видови на здравствена заштита, и

— 60% за здравствена заштита што самостојно ја утврдува Заедницата.

III

За учениците во средните училишта и студентите во вишите и високите школи, факултетите и уметничките академии, за времетраењето на практичната работа во врска со наставата, за лицата кои учествуваат во организирани јавни акции, за лицата кои се наоѓаат на предвојничка обука, за лицата кои се наоѓаат на извршување задачи на територијалната одбрана или на цивилната заштита, за лицата кои се наоѓаат на стручно оспособување или преквалификација што ги упатила Заедницата за вработување и за припадниците на доброволните организации на противпожарната заштита (член 18 став 1 точка 1, 3, 4, 5, 7 и 8 од Законот) се плаќа придонес за здравствено осигурување за случај на несреќа на работа и заболување од професионални болести во постојан месечен износ од 6,00 динари.

IV

Посебниот придонес за здравствена заштита на членовите на потесното семејство на југословенските државјани на работа во странство што живеат на подрачјето на оваа заедница, а на кои не им е обезбедена здравствена заштита кај странскиот носител на здравственото осигурување, го плаќаат самите осигуреници вработени кај странски работодавци во постојан месечен износ од 40,00 динари за секој осигурен член на семејството, кој се распоредува:

— 50% за задолжителни видови на здравствена заштита, и

— 50% за здравствена заштита што самостојно ја утврдува Заедницата.

V

Доколку придонесите од точките II, Ш и IV на оваа одлука се утврдуваат за време покусо од еден месец, за секој календарски ден во соодветниот период се плаќа 1/30 од определениот месечен износ на придонесот.

VI

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1. I. 1975 година.

Бр. 01-4051/1
27 декември 1974 година
Кичево

Претседател,
**Буде Трпески,** с. р.

**18.**

Врз основа на член 25 став 3 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74) и член 22 став 1 точка 8 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Кичево, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кичево, на заедничката седница на Соборот на делегатите на корисниците на услугите — работници и Соборот на делегатите на давателите на услугите, одржана на 27 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА

## ЗА УТВРДУВАЊЕ ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ ПРИДОНЕС ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА ЛИЦА ВРАБОТЕНИ КАЈ ПРИВАТНИ РАБОТОДАВЦИ

I

Со оваа одлука се утврдуваат основици за пресметување и плаќање придонес за здравствено осигурување и за утврдување на правата од здравственото осигурување за лицата вработени кај приватните работодавци на подрачјето на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кичево, за кои со Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување не се утврдени основици.

II

Основица за пресметување придонес за здравствено осигурување и за утврдување на правата од здравственото осигурување на лицата вработени кај приватни работодавци претставува договорениот личен доход, кој месечно не може да биде помал од:

— 1 150,00 динари за неквалификувани работници;

— 1 400,00 динари за полуквалификувани работници;

— 1 600,00 динари за квалификувани работници;

— 1 850,00 динари за висококвалификувани работници, и

— 1 150,00 динари за домашни помошнички.

III

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1. I. 1975 година.

Бр. 01-4052/1
27 декември 1974 година
Кичево

Претседател,
**Буде Трпески,** с. р.

---

**19.**

Врз основа на член 9 став 1 алинеја 6 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 5/74) и член 22 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Кичево, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кичево, на заедничката седница на Соборот на делегатите на корисниците на услугите — земјоделци и Соборот на делегатите на давателите на услугите, одржана на 27 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА

## ЗА ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ЗА 1975 ГОДИНА

I

Работните луѓе што вршат земјоделска дејност со средства за работа над кои постои право на сопственост, а кои се здравствено осигурени, ги плаќаат придонесите за здравствено осигурување на земјоделците во височина:

— 10% од катастарскиот приход;

— 100,00 динари по домаќинство, за земјоделските домаќинства што немаат сопствена земја, и

— 20,00 динари по член на домаќинството што е здравствено осигурен.

II

Средствата што ќе се наплатат со придонесите по стапките и паушалните износи утврдени во точката I на оваа одлука, се распределуваат:

— за обезбедување на задолжителни видови на здравствена заштита — 70%, и

— за обезбедување на правата што самостојно ги утврдува Заедницата 30%.

III

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1. I. 1975 година.

Бр. 01-4053
27 декември 1974 година
Кичево

Претседател,
**Буде Трпески,** с. р.

## ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — КРИВА ПАЛАНКА

**20.**

Врз основа на член 9 став 1 алинеја 8 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 5/73) и член 17, 30, 31 и 37 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Крива Паланка, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Крива Паланка, на заедничката седница на сите собори на делегатите, одржана на 30 април 1974 година, донесе

## ОДЛУКА

## ЗА УТВРДУВАЊЕ ОРГАНИТЕ НА УПРАВУВАЊЕТО И ДРУГИТЕ ОРГАНИ НА ОПШТИНСКАТА ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — КРИВА ПАЛАНКА

Член 1

Со оваа одлука, до донесување на Статут, се утврдуваат органот на управувањето, неговите извршни органи и постојаните органи и тела, како и другите органи на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Крива Паланка (во натамошниот текст: Заедница).

Член 2

Собранието на Заедницата е орган на управувањето на Заедницата.

Собранието на Заедницата ги врши работите кои со закон, Самоуправната спогодба за основање на Заедницата и другите самоуправни општи акти на Заедницата му се ставени во надлежност.

Собранието на Заедницата има Извршен одбор.

Извршниот одбор е извршен орган на Собранието на Заедницата.

Извршниот одбор се состои од 7 члена избрани од редот на делегатите на Соборите на делегатите на Собранието на Заедницата и тоа:

— 3 члена од редот на делегатите на Соборот на делегатите на работниците — корисници на услугите;

— 2 члена од редот на делегатите на Соборот на делегатите на земјоделците — корисници на услугите;

— 2 члена од редот на делегатите на Соборот на делегатите на работниците од организациите на здружениот труд во здравството — даватели на услугите.

Извршниот одбор од редот на своите членови избира претседател и негов заменик.

Мандатот на членовите на Извршниот одбор трае 4 години.

Изборот на членовите на Извршниот одбор се врши на првата седница на која се конституира Собранието на Заедницата.

Член 3

Извршниот одбор ги врши особено следните работи:

— покренува иницијатива за донесување на самоуправни општи и други акти од надлежност на Собранието на Заедницата;

— утврдува предлози на финансиски планови, завршни сметки на Заедницата, на самоуправните општи и други акти што ги донесува Собранието на Заедницата;

— разгледува анализи, информации и други материјали што се упатуваат на разгледување пред Собранието на Заедницата и дава свое мислење;

— се грижи за правилно и навремено спроведување на одлуките и заклучоците на Собранието на Заедницата;

— се грижи за правилно остварување на правата на осигурените лица, ги разгледува условите под кои осигурените лица ја остваруваат здравствената заштита и другите права од здравственото осигурување и предлага преземање на соодветни мерки;

— ги разгледува поплаките на осигурениците во врска со работата на Заедницата и условите под кои се укажува здравствената заштита и презема односно предлага соодветни мерки;

— врши и други работи што ќе му бидат ставени во надлежност од Собранието на Заедницата.

Член 4

Постојани тела на Собранието на Заедницата се:
1.Комисијата за жалби;
2. Комисијата за избор и именување.

Комисијата за жалби се состои од претседател и два члена избрани за време од 4 години, на првата седница на која се конституира Собранието на Заедницата.

Комисијата за избор и именување има претседател и 2 члена, избрани за време од 4 години на првата седница на која се конституира Собранието на Заедницата.

Собранието на Заедницата може, по потреба, да формира и други постојани и повремени тела за разгледување односно проучување на одделни прашања.

Комисијата за жалби решава во втор степен по жалбите на осигурените лица изјавени против првостепените решенија донесени во постапката за остварување правата од здравствената заштита и другите права од здравственото осигурување.

Комисијата за избор и именување ја спроведува постапката за избор, именување и разрешување на секретарот на Заедницата, ги претресува сите прашања во врска со изборите, именувањата и разрешувањата од надлежност на Собранието и му поднесува на Собранието предлози за избор, именување и разрешување.

Член 5

Заедницата има секретар.

Секретарот на Заедницата го именува и разрешува Собранието на Заедницата на заедничка седница на сите собори на делегатите.

За секретар на Заедницата може да биде именувано лице кое ги исполнува следните услови: да има завршено правен или економски факултет со 2 години работно искуство или виша управна школа или виша школа за кадри на социјално осигурување со 5 години работно искуство на раководни работни места.

Секретарот на Заедницата ги врши особено следните работи:

— се грижи за правилно и навремено спроведување на одлуките и заклучоците на самоуправните органи на Заедницата;

— ја застапува Заедницата во правните односи со другите органи и организации;

— ја застапува Заедницата при склучување на договори со организациите на здружениот труд од здравството за укажување здравствена заштита на осигурените лица;

— му помага на претседателот на Собранието, претседателот на Соборот на Собранието и претседателот на Извршниот одбор во подготвувањето на седниците на Собранието на Заедницата, на соборите на Собранието и на Извршниот одбор;

— се грижи за извршување на задачите од областа на народната одбрана;

— врши и други работи што ќе му бидат ставени во надлежност.

Секретарот на Заедницата е наредбодавец за извршување на финансискиот план на Заедницата.

Член 6

Секретарот на Заедницата едновремено раководи со работите на Стручната служба на Заедницата и во тоа својство ги врши особено следните работи:

— се грижи за законито, правилно и ефикасно работење на Стручната служба на Заедницата;

— се грижи за навремено спроведување на одлуките и заклучоците на самоуправните органи на работната заедница на Стручната служба на Заедницата;

— решава во прв степен за правата и обврските од здравствената заштита и другите права од здравственото осигурување;

— врши и други работи кои со самоуправните акти на работната заедница ќе му бидат ставени во надлежност.

Ако секретарот на Заедницата најде дека општ акт или акт или поединечен акт кој е донесен во работната заедница, освен поединечните акти донесени во управната постапка и актите за кои во одлучувањето е предвидена надлежност на судот, е спротивен на закон односно друг пропис, општествен договор, самоуправна спогодба или самоуправен општ акт на Заедницата и работната заедница, ќе го предупреди органот којшто го донел таквиот акт. Ако и по предупредувањето органот остане при својата одлука, секретарот е должен да му предложи на Собранието на Заедницата да го сопре од извршувањето таквиот акт.

Член 7

За вршење на стручните, финансиските и административните работи Заедницата има Стручна служба организирана како работна заедница во нејзин состав, без својство на правно лице.

Стручната служба средствата за работење ги води на посебна жиро сметка кај Банката.

До донесувањето на општ акт за организацијата на Стручната служба на Заедницата и општ акт за систематизацијата на работните места, Стручната служба на Заедницата на здравственото осигурување на работниците — Куманово, служба Крива Паланка, со денот на конституирањето на оваа заедница се презема со постојната организација и систематизација на работните места.

Преземените работници на Стручната служба на Заедницата на здравственото осигурување на работниците — Куманово — служба Крива Паланка, ќе се распоредат на работа во Стручната служба на Заедницата на работни места утврдени со постојната организација и систематизација на работните места.

Одлука за распоредување на работниците од претходниот став, донесува органот на управувањето на работната заедница на Стручната служба на Заедницата.

Одговорниот работник на Заедницата на здравственото осигурување на работниците — Крива Паланка ќе се именува за в. д. секретар на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Крива Паланка до истекот на времето за кое е избран.

Член 8

До регистрирање на Општинската заедница кај надлежниот суд и до изработка на нов печат и штембил ќе се употребува печатот и штембилот на досегашната Заедница на здравственото осигурување — Куманово, служба Крива Паланка.

Член 9

Оваа одлука влегува во сила со објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 мај 1974 година.

Бр. 01-444/1
30 април 1974 година
Крива Паланка

Претседател,
**Благој Китановски**, с. р.

**21.**

Врз основа на член 24 став 1 точка 15 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Крива Паланка, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Крива Паланка, на својата заедничка седница одржана на 30 април 1974 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ФОРМИРАЊЕ НА СТРУЧНА СЛУЖБА НА ОПШТИНСКАТА ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — КРИВА ПАЛАНКА

Член 1

За вршење на стручната, административните и финансиските работи на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Крива Паланка се формира Стручна служба, како работна единица организирана во нејзиниот состав.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 мај 1974 година.

Бр. 01-453/1
30 април 1974 година
Крива Паланка

Претседател,
**Благој Китановски,** с. р.

---

**22.**

Врз основа на член 24 став 1 точка 17 од Самоуправната спогодба за основање на Самоуправната интересна заедница на здравството и здравственото осигурување — Крива Паланка и член 5 став 1 од Одлуката за утврдување органите на управувањето и другите органи на здравството и здравственото осигурување — Крива Паланка, Собранието на Заедницата на здравството и здравственото осигурување — Крива Паланка, на заедничката седница на сите собори на делегатите, одржана на 6 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ СЕКРЕТАР НА ОПШТИНСКАТА ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — КРИВА ПАЛАНКА

I

За секретар на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Крива Паланка, се именува Киро Јовевски — правник од Крива Паланка.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 7 декември 1974 година.

Бр. 01-1255
6 декември 1974 година
Крива Паланка

Претседател,
**Благој Китановски,** с. р.

---

**23.**

Врз основа на член 9 став 1 алинеја 8 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 5/74) и член 24 став 1 точка 1 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Крива Паланка, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Крива Паланка, на заедничка седница на сите собори на делегати, одржана на 30 април 1974 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ПРИВРЕМЕНО УТВРДУВАЊЕ НА ПРАВАТА ОД ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА И ДРУГИТЕ ПРАВА ОД ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Со оваа одлука, до донесување на Статутот и другите самоуправни општи акти на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Крива Паланка (во натамошниот текст: Заедницата) се утврдуваат правата од здравствената заштита и другите права од здравственото осигурување што самостојно ги утврдува Заедницата, како и начинот на остварувањето и заштитата на правата од здравствената заштита и другите права од здравственото осигурување утврдени со закон и оваа одлука.

Член 2

Правата од здравствената заштита и другите права од здравственото осигурување што самостојно ги утврдува Заедницата се утврдуваат во обем на правата што осигурените лица — корисници на услугите (работници и земјоделци) ги имале до денот на применување на оваа одлука.

По однос на правата и во постапката за остварувањето и заштита на правата од здравствената заштита и другите права од здравственото осигурување утврдени со закон и оваа одлука ќе се применуваат одредбите на Статутот и другите општи акти на Заедницата на здравственото осигурување на работниците — Куманово, одредбите на Статутот и другите општи акти на Заедницата на здравственото осигурување на земјоделците — Куманово, одредбите на општите акти на Сојузот на заедниците на здравственото осигурување на работниците на Македонија и одредбите на општите акти на Сојузот на заедниците на здравственото осигурување на земјоделците на Македонија.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 мај 1974 година.

Бр. 01-447/1
30 април 1974 година
Крива Паланка

Претседател,
**Благој Китановски,** с. р.

---

**24.**

Врз основа на член 24 став 1 точка 1, а во врска со член 25 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Крива Паланка, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Крива Паланка, на заедничката седница на сите собори на делегатите, одржана на 30 април 1974 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ПРИВРЕМЕНО РЕГУЛИРАЊЕ НА ОДДЕЛНИТЕ ПРАШАЊА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ И ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ОПШТИНСКАТА ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — КРИВА ПАЛАНКА

Член 1

До донесување на Статутот на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Крива Паланка (во натамошниот текст: Заедница) по однос на финансирањето и финансиското работење на Заедницата ќе се применуваат одредбите на Статутот на Заедницата на здравственото осигурување на работниците — Куманово и Статутот на Заедницата на здравственото оси-

гурување на земјоделците — Куманово, доколку не се во спротивност со соодветните одредби на Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 4/74).

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 мај 1974 година.

Бр. 01-447/1
30 април 1974 година
Крива Паланка

Претседател,
**Благој Китановски**, с. р.

**25.**

Врз основа на член 101, 102 и 103 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ“ бр. 2/71), член 9 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74), а по предлог на Извршниот одбор, Собранието на Општинската заедница, на својата седница одржана на 27 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА СТАПКИТЕ И ТАРИФАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ ВО 1975 ГОДИНА

Член 1

Стапката на придонесот за здравственото осигурување на работниците за 1975 година се определува во височина од 7,5% од бруто личниот доход и другите примања во која се содржани:

— стапката на придонесот за задолжителните видови на здравствена заштита од 3%, и

— стапката на придонесот за правата на здравствената заштита над задолжителните видови и други права од здравственото осигурување од 4,5%.

Тарифата на придонесот за здравственото осигурување за случај на несреќа на работа и заболување од професионални болести се определува во височина од 0,50%. Основица за пресметување придонесот од овој став кај обврзниците кои формираат доход претставува остварениот доход намален за пресметаните законски и договорни обврски, освен данокот на доходот. Основица кај обврзниците кои не формираат доход претставуваат бруто личните доходи и другите примања.

Придонес за несреќа на работа и заболување од професионални болести по 0,50% од бруто основицата пресметуваат и плаќаат и обврзниците на придонес, кои не формираат доход за вработени по договор за дело.

Член 2

Посебниот придонес за користење на здравствена заштита во странство се определува во висина од 15% од нето личниот доход, односно основицата утврдена со посебна одлука за деташирани работници во странство.

Посебниот придонес од претходниот став се распоредува по видови на правата сразмерно на стапките односно тарифата на придонесот определен во член 1 на оваа одлука.

Член 3

Доколку со Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението (во натамошниот текст: Законот) и другите општи акти на Заедницата, основицата за пресметување на придонесите е определена во нето износ, придонесите за здравственото осигурување се пресметуваат и плаќаат по стапки односно тарифа пресметана на примања на нето лични доходи односно примања.

Пресметување на стапките и тарифата на начин предвиден во претходниот став се врши кога личните доходи исклучително се пресметуваат и плаќаат во нето износи, како и во случаи кога во личните доходи не се содржани сите придонеси од личниот доход или истите се плаќаат по други стапки по кои придонесот се пресметува и плаќа за поголем број работници вработени во работни организации.

Придонесите за здравственото осигурување и посебниот придонес за користење на здравствената заштита во странство ќе се уплатуваат со еден налог — уплатница.

Член 4

Обврзникот за уплата на придонесот е должен, согласно член 105 од Законот, при уплата на придонесите за здравствено осигурување и посебниот придонес за користење на здравствена заштита во странство на самиот налог-уплатница да даде спецификација на уплатените придонеси по видови на правата, со ознака на ознаката на основицата и период за кој се пресметува и уплатува придонесот.

Член 5

Придонесот го пресметуваат и плаќаат обврзниците на начин утврден со Законот и другите општи акти на Заедницата.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Бр. 01-1329
27 декември 1974 година
Крива Паланка

Претседател,
**Благој Китановски**, с. р.

**26.**

Врз основа на член 100, 101 и 102 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението („Службен весник на СРМ“ бр. 21/74), член 9 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74), а по предлог на Извршниот одбор, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Крива Паланка, на сите собори на делегатите, на својата седница одржана на 27 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА СТАПКИТЕ И ИЗНОСИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ЗА 1975 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат стапките и износите на придонесите за здравственото осигурување на земјоделците за подрачјето на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Крива Паланка.

Член 2

Земјоделските осигуреници ги плаќаат следните придонеси за здравственото осигурување:

1. За осигуреници — земјоделци кои имаат сопствена земја (катастарски приход):

а) по стапка од 10% на катастарски приход во која се содржани:

— стапката на придонесот за задолжителните видови на здравствена заштита од 7%, и

— стапката на придонесот за правата кои Заедницата сама ги утврдува од 3%;

б) по 40,00 динари годишно за секое осигурано лице во кои се содржани:

— износ од 20,00 динари на име придонес за задолжителни видови на здравствена заштита,

— износ од 10,00 динари на име придонес за правата што Заедницата сама ги утврдува, и

— износ од 10,00 динари за санирање на вишок расходи над приходи (кусок) од претходни години;

в) по 50,00 динари на домаќинство годишно, во кој износ се содржани:

— износ од 35,00 динари на име придонес за задолжителни видови на здравствена заштита, и

— износ од 15,00 динари на име придонес за правата што Заедницата сама ги утврдува.

2. Осигуреници земјоделци кои немаат сопствена земја, а се занимаваат со земјоделска дејност ќе плаќаат:

а) по 100,00 динари за домаќинство во кој износ се содржани:

— износ од 70,00 динари на име придонес за задолжителните видови на здравствената заштита, и

— износ од 30,00 динари на име придонес за правата што Заедницата сама ги утврдува.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Бр. 01-1330
27 декември 1974 година
Крива Паланка

Претседател,
**Благој Китановски**, с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — ШТИП

**27.**

Врз основа на член 26 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување и член 28 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Штип, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Штип, на заедничката седница на Соборот на делегатите на работниците — корисници на услугите и на Соборот на делегатите на работниците од организациите на здружениот труд во здравството — даватели на услугите, одржана на 27 декември 1974 година, донесе

# ОДЛУКА

## ЗА СТАПКИТЕ И ТАРИФИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ И СТАПКИТЕ НА ПОСЕБНИТЕ ПРИДОНЕСИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО СТРАНСТВО ЗА 1975 ГОДИНА

Член 1

Стапката на придонесот за здравствено осигурување за 1975 година се определува во височина од 7,25% од бруто личниот доход и другите примања, во која се содржани:

— стапката на придонесот за задолжителните видови на здравствена заштита — од 2,80%;

— стапката на придонесот за правата од здравствена заштита над задолжителните видови и другите права од здравствено осигурување — од 4,45%.

Тарифата на придонесот за здравственото осигурување за случај на несреќа на работа и заболување од професионални болести, за организациите на здружениот труд и други корисници што се распоредени во обласа 0 и 9 од номенклатурата, се определува во височина од 0,50% од бруто личниот доход.

Тарифата за здравственото осигурување за случај на несреќа на работа и заболување од професионални болести за организациите на здружениот труд и други корисници што се распоредени во областа од 1 до 8 од номенклатурата, се определува во височина од 0,50% од остварениот доход намален за пресметаните законски и договорни обврски, освен данокот на доходот.

Член 2

Посебниот придонес за користење здравствена заштита во странство за работниците испратени на работа во странство од основните организации на здружен труд (деташираните работници) се определува по стапка во височина од 20% од утврдената основица што ја претставува:

— просечниот нето личен доход на работниците во матичната организација исплатен во годината што претходи на годината во која работникот е испратен во странство;

— за работниците кои не оствариле личен доход во претходната година, како основица се зема исплатениот просечен нето личен доход во матичната организација од претходната година на сите работници од категоријата што ја има деташираниот работник.

Основиците од претходниот став во текот на годината се применуваат како аконтација.

По завршната сметка утврдените основици се применуваат зголемени со просекот на зголемениот личен доход во матичната организација во годината кога деташирањето е извршено спрема претходната година.

Член 3

Стапката на придонесот за здравствено осигурување на заводите за вработување за паричниот надоместок на привремено безработните лица и на уживателите на пензија се определува на 10,13% од нето примањата.

За лицата пријавени во заводот за вработување основицата за пресметување на придонесот за здравствено осигурување ја сочинува просечниот износ на име паричен надоместок на привремено безработните лица во времето за кое се плаќа придонесот за здравствено осигурување.

Ако во времето кога се плаќа придонесот за здравствено осигурување основицата не може да се определи на начин утврден во претходниот став бидејќи не се исплатува надомест на привремено безработни лица, како основицата за пресметување на придонесот служи основицата по која последен пат е пресметан придонесот за здравственото осигурување.

Член 4

За лица кои работат по дело, ќе се плаќа придонес за здравствено осигурување за случај на несреќа на работа по стапка од 0,70% од исплатениот надомест.

Член 5

Доколку со Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението (во натамошниот текст: Законот) и другите општи акти на Општинската заедница, основицата за пресметување на придонесите е определена во нето износ, придонесите за здравствено осигурување се пресметуваат и се плаќаат по стапки, односно според тарифата пресметана за примена на нето личниот доход, односно примањата.

Пресметувањето на стапките и на тарифата на начин предвиден во претходниот став се врши и кога личните доходи исклучително се пресметуваат и се плаќаат во нето износ, како и во случај

кога во личниот доход не се содржани сите придонеси од личниот доход или истите се плаќаат по други стапки по кои придонесот се пресметува и се плаќа за поголем број работници вработени во работните организации.

Член 6

Обврзникот за уплата на придонесот е должен, согласно со член 105 од Законот, при уплата на придонесите за здравственото осигурување и посебниот придонес за користење на здравствена заштита во странство на самиот налог-уплатница да даде спецификација за уплатените придонеси по видови на правата, со ознака на основиците и на периодот за кој се пресметува и уплатува придонесот.

Доколку обврзникот за уплата на придонесите не го пополни налогот-уплатница согласно со одредбите од став 2 на овој член, службата односно поштата нема да го прими налогот-уплатницата во смисла на член 38 од Законот за Службата на општественото книговодство.

Член 7

Основиците за пресметување и плаќање на придонесите за здравствено осигурување за одделни категории осигуреници се утврдуваат во висина утврдена со Одлуката на Советот на Сојузот на заедниците на здравственото осигурување на работниците на Македонија, број 01-300/1 од 12. VII. 1972 година („Службен весник на СРМ“ број 27/72), освен основиците утврдени со членот 3 став 1 точка 1 и 4 од Одлуката за утврдување на основиците за пресметување и плаќање на придонесот за здравствено осигурување за одделни категории осигуреници, број 04-10/8 од 5. X. 1973 година на Собранието на Заедницата на здравственото осигурување на работниците — Штип.

Член 8

Придонесите ги пресметуваат и ги плаќаат обврзниците на начин утврден со закон, со Статутот на Заедницата на здравственото осигурување на работниците — Штип и други општи акти на Општинската заедница.

Член 9

Со денот на примената на оваа одлука престанува да важи Одлуката за стапките и тарифата на придонесите за здравственото осигурување и стапките на посебниот придонес за користење на здравствена заштита во странство за 1974 година, број 02-11/3 од 25 декември 1973 година („Службен весник на СРМ“ број 2/74), Одлуката за утврдување висината на стапките на придонесите за здравствено осигурување, постојаните износи на придонесите за здравствено осигурување на одделни категории осигуреници и за утврдување на основиците за пресметување и плаќање на придонесите за здравствено осигурување на одделни категории осигуреници, број 04-1768/15 од 26 април 1974 година („Службен весник на СРМ“ бр. 31/74) и Одлуката за измени и дополнувања на Одлуката за стапките и тарифите на придонесите за здравственото осигурување и стапките на посебниот придонес за користење на здравствена заштита во странство за 1974 година, број 04-2224/4 од 11 јуни 1974 година („Службен весник на СРМ“ бр. 34/74).

Член 10

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Број 04-5/2
27 декември 1974 година
Штип

Претседател,
**Тодор Барбареев**, с. р.

**28.**

Врз основа на член 26 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување и член 28 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Штип, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Штип, на заедничка седница на Соборот на делегатите на работниците — корисници на услугите и на Соборот на делегатите на работниците од организациите на здружениот труд во здравството, даватели на услугите, одржана на 27 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПОСТОЈАНИТЕ ИЗНОСИ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ОДДЕЛНИТЕ КАТЕГОРИИ ЛИЦА НАДВОР ОД РАБОТНИОТ ОДНОС ОСИГУРЕНИ ПО ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ И ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ ВИДОВИ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО

Член 1

Придонесите за здравствено осигурување во постојанен месечен износ за 1975 година се плаќаат и тоа:

1. за ученици во стопанството односно за ученици во училиштата за квалификувани работници, за кои покрај училишна се изведува и практична настава во работната организација, училиштето или кај приватниот работодавец — во износ од 15,00 динари за несреќа на работа и заболување од професионални болести;

2. за лица кои учествуваат во организирани јавни работни акции, а кои на тие работи работат најмалку 6 часа дневно — во износ од 61,00 динари, од кои:

— 21,80 динари — на име придонес за задолжителни видови на здравствена заштита,

— 35,10 динари — на име придонес за правата од здравствената заштита над задолжителните видови и другите права од здравственото осигурување,

— 4,10 динари — за несреќа на работа;

3. за уживатели на постојана државна помош дадена од страна на бившите Президиуми на Народните собранија или од страна на Извршниот совет — во износ од 61,00 динари, од кои:

— 23,70 динари — на име придонес за задолжителните видови на здравствената заштита,

— 37,30 динари — на име придонес за правата од здравствената заштита над задолжителните видови и другите права од здравственото осигурување;

4. за членовите на семејствата на југословенските државјани во странство, кои не се здравствено осигурени по прописите на земјата во која работат или според меѓународна спогодба, а пред стапување во работен однос во странство имале живеалиште на територијата на оваа заедница, во износ по член од 61,00 динари, од кои:

— 23,70 динари — на име придонес за задолжителните видови на здравствена заштита,

— 37,30 динари — на име придонес за правата од здравствената заштита над задолжителните видови и другите права од здравственото осигурување;

5. за лица кои учествуваат на младински работни акции кои по прописите за инвалидско осигурување се осигурени за сите случаи на инвалидност — во износ од 61,00 динари, од кои:

— 21,80 динари — на име придонес за правата од здравствената заштита над задолжителните видови и другите права од здравственото осигурување,

— 35,10 динари — на име придонес за правата од здравствената заштита над задолжителните ви-

дови и другите права од здравственото осигурување,

— 4,10 динари — на име придонес за здравствено осигурување за случај на несреќа на работа и заболување од професионални болести;

6. за лица кои се наоѓаат на предвојничка обука и логорување — во износ од 15,00 динари на име придонес за здравствено осигурување за случај на несреќа на работа и заболување од професионални болести;

7. за лица припадници на територијалните единици, припадници на цивилната заштита, за време на извршување на задачите на територијалната одбрана — во износ од 15,00 динари на име придонес за здравствено осигурување за случај на несреќа на работа и заболување од професионални болести;

8. за ученици во средните училишта и студенти во вишите и високите школи, факултети, уметнички академии, за времетраењето на практичната работа во врска со наставата — во износ од 15,00 динари и тоа само на име придонес за здравствено осигурување за случај на несреќа на работа и заболување од професионални болести;

9. за лица кои се наоѓаат на стручно оспособување или преквалификација што ги организира заводот за вработување — во износ од 20,00 динари и тоа само на име придонес за здравствено осигурување за случај на несреќа на работа и заболување од професионални болести;

10. за лица кои работат помалку од половината од полното работно време — во износ од 30,00 динари и тоа само на име придонес за здравствено осигурување за случај на несреќа на работа и заболување од професионални болести;

11. за лица припадници на доброволните организации на противпожарната заштита — во износ од 15,00 динари и тоа на име придонес за здравствено осигурување за случај на несреќа на работа и заболување од професионални болести.

Член 2

Со денот на применувањето на оваа одлука престанува да важи Одлуката за постојаните износи на придонесите за здравственото осигурување на одделни категории лица надвор од работниот однос, осигурени по Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението, број 02-11/5 од 25 декември 1973 година („Службен весник на СРМ“ број 2/74) и Одлуката за утврдување височината на стапките на придонесите за здравствено осигурување, постојаните износи на придонесите за здравствено осигурување на одделни категории осигуреници и за утврдување на основиците за пресметување и плаќање на придонесите за здравствено осигурување за одделни категории осигуреници, број 04-1768/15 од 26 април 1974 година („Службен весник на СРМ“ број 31/74).

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Број 04-5/3
27 декември 1974 година
Штип

Претседател,
**Тодор Барбареев**, с. р.

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОПШТИНСКИ СУД ВО ТЕТОВО

Пред овој суд води спор Халили Сабри од село Глоѓи, Тетовско, против Хајдари Минир од село Глоѓи, Тетовско, сега со непозната адреса во странство, за долг од 8.600 динари.

Се повикува тужениот Хајдари Минир во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас да достави точна адреса на судот или пак лично да се јави. По истекот на овој рок ќе му биде поставен старател кој ќе го застапува по овој спор.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 48/74.

---

Пред овој суд води спор „Комуна Проект“ — Тетово против Карталовски Ристо од Тетово, ул. „Борис Кидрич“ бр. 104, сега на работа во Мароко, со непозната адреса, за отказ на користење на стан.

Се повикува тужениот во рок од 30 дена од објавувањето на огласот да се јави на судот или да достави точна адреса. Во спротивно ќе му биде поставен старател кој ќе се грижи за неговите права по овој спор.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 978/74.

---

Пред овој суд води спор тужителот Јаја Абаза Мемет од Тетово, ул. „19 Ноември“ бр. 30, против тужениот Абдиу Јаја Абедин од Тетово, ул. „Радован Цониќ“ бр. 112, сега со непозната адреса, за утврдување на сопственост по пат на наследство, вредност 5.000 динари.

Се повикува тужениот во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас да се јави во судот или да достави точна адреса. По истекот на овој рок ќе му биде поставен старател кој ќе се грижи за неговите права и обврски по овој спор.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 30/74.

---

Пред овој суд водат спор Азизи Мустафа од село Урвич, Тетовско, против Општина Тетово и Алии Шукри од Анкара, за утврдување на сопственост, вредност 1.000 динари.

Бидејќи тужениот Шукри е умрен, а како негов единствен наследник се појавува неговиот син Алии Шукриов Ќемал од Анкара, со непозната адреса, истиот се повикува во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас да достави адреса на судот или лично да се јави. Во спротивно ќе му биде поставен старател кој ќе се грижи за неговите права и обврски по овој спор.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 588/71.

---

# КОНКУРСИ

Советот на Филолошкиот факултет на Универзитетот „Кирил и Методиј“ во Скопје

распишува

**КОНКУРС**

— за еден наставник (во сите звања) по предметот современ српскохрватски јазик;

— за еден лектор по предметот словенечки јазик.

Пријавите таксирани со по 2 динари, останатите документи, научни и стручни трудови (доколку има такви), по еден примерок од истите да се доставаат до архивата на Филолошкиот факултет во Скопје.

Конкурсот трае еден месец од денот на објавувањето. (13)

---

ИСПРАВКА

Во Конкурсот на ООЗТ — детска пнеумо-фтизиологија при Градската општа болница — Скопје, објавен во „Службен весник на СРМ“ бр. 1/75, на страна 13, во делот „Услови:“ првите два реда треба да гласат: „Кандидатот да е лекар специјалист педијатар до 5 години педијатриски стаж“.

Од Редакцијата

Советот на Институтот за тутун — Прилеп

распишува

**КОНКУРС**

за избор на еден НАУЧЕН СОРАБОТНИК во работната единица за селекција, семепроизводство и агротехника при Институтот.

Услови: Покрај општите услови предвидени со Законот за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд и Законот за организирање на научните дејности, кандидатот треба да ги исполнува и следните услови:

— да има завршено постдипломски студии или да се здобил со докторат на науки;

— да има објавени научни трудови врз основа на кои се докажува дека владее со проблемите на научната област.

Со пријавата кандидатите да ги приложат потребните документи според ЗМОР и Законот за организирање на научните дејности, работна биографија и трудови.

Молбите се доставуваат до Секретаријатот на Институтот за тутун — Прилеп.

Конкурсот трае 15 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ". (14)

## СОДРЖИНА

Страна

14. Одлука за делокругот, составот и за изборот на претседател и членови на Организационо-кадровската комисија на Претседателството на СРМ — — — — — — — 17

15. Одлука за образување на Комисија за претставки и поплаки на Претседателството на СРМ — — — — — — — — — — 17

16. Одлука за измени и дополнувања на Одлуката за делокругот, составот и за избор на претседател и членови на Комисијата за помилување на Претседателството на СРМ 18

17. Одлука за измени и дополнувања на Одлуката за делокругот, составот и за избор на претседател и членови на Комисијата за одликување на Претседателството на СРМ — — — — — — — — — — 18

18. Наредба за начинот на користење на средствата наменети за покривање на трошоците за контрола на производните способности, водење матично книговодство и вршење селекција кај кравите и овците кај индивидуалните производители — — — 18

19. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 7/74 од 11 декември 1974 година — 19

**Општествени договори и самоуправни спогодби**

12. Посебен општествен договор за критериумите и мерилата за усогласување на надоместокот на личен доход и на примањата на делегатите и функционерите што ги избираат односно именуваат Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија ,Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, општествено-политичките организации и Стопанската комора на Македонија — — 19

**Општи акти на самоуправните интересни заедници**

13. Одлука за условите под кои се смета дека осигуреникот издржува членови на семејството и дека членот на семејството нема сопствени приходи доволни за издржување 22

14. Одлука за давање согласност на Програмата за работа на Стручната служба на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување за 1975 година — — — 23

15. Одлука за утврдување висината на стапката на придонесот за здравственото осигурување на работниците за 1975 година — 23

16. Одлука за висината на стапката на придонесот за здравствено осигурување во случај на несреќа при работа и заболување од професионални болести и за утврдување основици за пресметување на тој придонес во 1975 година — — — — — — — — 23

17. Одлука за придонесите на здравственото осигурување на одредени категории лица вон работен однос — — — — — — — 24

18. Одлука за утврдување основица за пресметување и плаќање придонес за здравствено осигурување за лица вработени кај приватни работодавци — — — — — — — 24

19. Одлука за висината на придонесите за здравственото осигурување на земјоделците за 1975 година — — — — — — — — 25

20. Одлука за утврдување органите на управувањето и другите органи на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Крива Паланка — — — 25

21. Одлука за формирање на Стручна служба на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Крива Паланка — — — — — — — — — 27

22. Одлука за именување секретар на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Крива Паланка — — 27

23. Одлука за привремено утврдување на правата од здравствената заштита и другите права од здравственото осигурување — — 27

24. Одлука за привремено регулирање на одделни прашања за финансирање и финансиското работење на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Крива Паланка — — — — — 27

25. Одлука за стапките и тарифата на придонесите за здравственото осигурување на работниците во 1975 година — — — — — 28

26. Одлука за стапките и износите на придонесите за здравственото осигурување на земјоделците за 1975 година — — — — — 28

27. Одлука за стапките и тарифите на придонесите за здравственото осигурување и стапките на посебните придонеси за користење на здравствена заштита во странство за 1975 година — — — — — — — — 29

28. Одлука за постојаните износи на придонесите за здравствено осигурување на одделните категории лица надвор од работниот однос осигурени по Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението 30

**Издавач: „Службен весник на СРМ" — издавачко претпријатие, Скопје, ул. „29 Ноември" бр. 10а. Пошт. фах 51. Тел. 32-836. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро-сметка број 40100-601-128 кај Службата на општественото книговодство. Печат Графички завод „Гоце Делчев" — Скопје**